РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
бр. 08-514/1
27.02 20 23 год.
КОЧАНИ

**Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите**

---

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Единица на локална самоуправа** | Општина Кочани |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Љубинка Ајтовска, координаторка за еднакви можности на жените и мажите во Општина Кочани |
| **Период на известување** | 2022 година |
| **Дата на поднесување на извештајот** | 27. 2. 2023 година |

**Дата, 24.02.2023 година**

**Име и презиме** (Одговорно лице (градоначалник) кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност)

**Градоначалник на Општина Кочани**
**Љупчо Папазов**

**Потпис:**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КОЧАНИ

**(Прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика)**

**Дата,**

**Име Презиме** (на Раководител на сектор за еднакви можности) **:**

**Потпис:**

## 2. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ (ЗЕМ)

**2.1. Дали имате преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете доколку имате)**

**А) Позитивни**
**Б) Охрабрувачки**
**В) Програмски**

**2.2. Опис на мерките што ги имате преземено:**

Од основните мерки се донесени акти за инкорпорирање на принципот на еднакви можности во општинските програми за работа.

Од делот на позитивните, охрабрувачките и програмските мерки:

* Прифатен е предлог на Здружението „Грин.орг" во Локалниот акциски план за еднакви можности на жените и мажите да влезе проширување на субвенцијата за велосипеди со обезбедување помошни додатоци при превоз со велосипед: седала за деца, велосипедска кошница за пазарење и сл.

* Реализирани се три вида обуки за економско јакнење на жените: за дигитален маркетинг; развој на бизнис-идеја и бизнис-план и за обука на жени за брендирање, пакување и продажба на земјоделски производи.

**2.3. Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**

* Во финансискиот дел на Локалниот акциск план за еднакви можности на жените и мажите за 2023 година се наменети 50.000 денари за реализација на препораката од Здружението „Грин.орг" – Кочани, за проширување на субвенцијата за велосипеди со обезбедување помошни додатоци при превоз со велосипед: седала за деца, велосипедска кошница за пазарење и сл.

* Едуцирани се (со обука за економско јакнење) и се стекнале со сертификати 20 жени од Кочани.

**2.4. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот** (**Ве молиме наведете само аутпут индикатори**[1])

* Анализиран и изменет Правилник за субвенционирање на велосипеди; број на жени кои добиле субвенција за велосипед; број на граѓани кои добиле помошни додатоци за велосипед.

**2.5. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги во прилог на извештајот:**

Локален акциски план за еднакви можности на жени и мажите 2023 година, точка 7 од табеларниот приказ;

[1] *Аутпут индикаторите* ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програмии мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

**2.6. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на ЕЛС** (согласно член 11 од ЗЕМ):

* Писмена иницијатива до претседателот на Советот на Општина Кочани за спроведување на позитивната мерка за еднаква застапеност на жените и мажите во комисии на Советот на Општина Кочани и во Штабот за заштита и спасување на Општина Кочани (бр. 03-99/90 од 08.06.2022 г.)

**2.7. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**

* Изменет состав на три комисии при Советот на Општина Кочани, и при еднакви услови е даден приоритет на лица од помалку застапениот пол

**2.8. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот на иницијативата (Ве молиме наведете само аутпут индикатори)**

* Квантитативни показатели за напредокот на иницијативата: 6 нови членови во 3 комисии при Советот на Општина Кочани според принципот за приоритет на лица од помалку застапениот пол

**2.9. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги овде насловите и приложете ги со извештајот**

* Писмен поднесок до претседателот на Советот на Општина Кочани (бр. 03-99/90 од 08.06.2022 г.)
* Акти од Советот на Општина Кочани за изменет состав на комисии

2.10. **Дали ЕЛС во рамките на активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите соработувал со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**

* Да, соработува со ЈМУ Центар за социјални работи – Кочани; со UN Women во рамките на проектот „Промоција на родово одговорни политики и буџети...“ и со граѓански организации активни на планот на еднаквите можности „Грин. Орг“, Националната платформа за женско претприемништво, но и со здруженија кај чии членови настојуваме да градиме родова сензибилизација (Извиднички одред „Ластовица“, планинарски друштва); со СОУ „Гошо Викентиев“ (сообраќајната струка) и со основните училишта во Кочани; со ЈОУ Библиотека „Искра“ (за реализација на културни активности)

**2.11. Дали базата на податоци со која располага ЕЛС е разделена по пол?**

**а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси**
*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**
Да
**б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)**
Во прилог
*** приложете документ со краток опис на локална стратегија/акциски план/услуга и податоци разделени по пол за предвидени корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за опфатени корисници, целни групи итн.**
Во прилог - Општинско-корисна работа

| |
|---|
| **2.12. Дали Локалната самоуправа има локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите во ЕЛС?**<br>* Да |
| **2.13. Ако одговорот е да, тогаш приложете го акцискиот план со извештајот и опишете:**<br>**а) кои активности ги има превземено ЕЛС во текот на извештајниот период** |
| 1. Водење родово разделена статистика за вработените во општинските институции и по одредени состојби и проблематики кои произлегуваат од стратегиите кои државата ги има усвоено на национално ниво и во различни сфери;<br>2. Активности и мерки за воспоставување еднакви можности во услови на здравствена криза. Со оглед на престанувањето на мерките за заштита од ковид-19, со овие средства во висина од 60.000 ден., по иницијатива на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите беше реализирана театарската претстава „Тој и таа“;<br>3. Обуки и координација за развој на родово одговорни политики за намалување на стакленичките гасови и прилагодување кон климатски промени и нивното влијание врз жените и мажите (со UNDP) – обука за жени/земјоделки, претставници од локалната заедница и здруженијата на граѓани за препознавање и воведување мерки за намалување на последиците од влијанијата на климатските промени; Реализација на сообраќајна кампања со учениците од СОУ „Гошо Викентиев“<br>4. Поддршка на граѓански организации за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите во кампањи, одбележување јубилеи, празници и други хуманитарни активности: Одбележување на Мовембар, месец за подигање на свеста за машкото здравје, реализирана театарска претстава „ЈЗУ Европа“ (Штипски театар) и предавање за менталното здравје кај мажите од д-р Драко Иванов.<br>5. Поддршка на жени и мажи, лица во социјален ризик и лица со пречки во развојот – Општина Кочани во соработка со ЈМУ Центар за социјални работи, по чиј предлог се добива список на жени во социјален ризик, обезбедува еднократна финансиска поддршка на 10 жени. Поддршката се поврзува со Меѓународниот ден на жената – 8 Март.<br>6. Активности и обуки за внесување на родовата перспектива во локалната средина – културни настани, промоции, концерти, предавања и др.: Промоција на делото „Седумте“ од Илина Арсова и ликовна работилница со талентирани ученици од основните училишта во Кочани<br>7. „Пешачењето е здравје“ – настан за промоција на здрав живот, рекреативна прошетка за поттикнување на физичката активност како значаен фактор за добро здравје на жените и на мажите<br>8. Обуки за економско јакнење на жените во пет тематски области: за развој на вештини и знаења за дигитален маркетинг, онлајн продажба и употреба на дигитални технологии; развој на бизнис-идеја и бизнис-план; претприемништво и менаџерски вештини и обука за основни вештини за вработување. Исто така, со посебен повик беше реализирана обука на жени за брендирање, пакување и продажба на земјоделски производи. Обуките се реализираа во соработка со UN Women и со Фондацијата ЦЕЕД Македонија, како дел од проектот на UN Women „Промовирање на родово-одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија“, финансиски поддржан од Швајцарската агенција за развој и соработка и Шведската агенција за меѓународна соработка и развој – СИДА.<br>9. Потпишан Меморандум за соработка со Националната платформа за женско претприменииштво; Одржан регионален форум за женско претприемништво; промовирана најуспешната жена претприемач наградена со Националната годишна награда за микрокомпании |
| **б) кои резултати се постигнати согласно Акцискиот план**<br>**1.** Преземани иницијативи и упатени препораки за родов баланс;<br>**2.** Културна содржина со родова диманзија: приказ на состојбата на мажот и жената во |

современото живеење и потребата од уривање на родовите стреотипи

3. Едукација на земјоделки, претставници од локалната заедница и здруженијата на граѓани за препознавање и воведување мерки за намалување на последиците од влијанијата на климатските промени; Едукација на средношколци за намалување на влијанието на сообраќајот во загадувањето на животната средина и продукцијата на стакленички гасови;
4. Јавно истакнување, културен формат на порака за потребата од поголема грижа за менталното здравје на мажите
5. Еднократна финансиска поддршка во висина од 6.000 ден. за 10 жени во социјален ризик
6. Претставена е жена планинарка, алпинистка која ги искачила седумте највисоки врвови во светот – модел на личност со кој се рушат родовите стереотипи дека само мажите се преодредени за одредени активности
7. Физички се активираат и се дружат лица од различни возрасти, на кои им се пренесуваат и пораки за надминување на родовите јазови во секојдневното живеење и предизвици наметнати од традицијата
8. Економски зајакнати жени за претприемништво, менаџерски вештини, онлајн продажба и дигитален маркетинг со посебен осврт на жените земјоделки и можностите за нивна регистрација и подобар пласман на земјоделските производи. Подобрени вештини за вработување и самовработување на жени за да го подобрат пристапот до пазарот на труд и да ја зголемат конкурентноста на пазарот на труд.
9. Зголемена видливост на жените претприемачи, нивно организирање и истакнување на придобивките што ги обезбедува Националната платформа за засегнатите страни и за женското претприемништво

**в) како го меревте постигнувањето на успехот на резултатите (наведете аутпут индикатори)**

1. Аутпут индикатори: 6 нови членови на комисии при Советот на Општина Кочани, според принципот за приоритет на лица од помалку застапениот пол; воспоставен родов баланс во три комисии при Советот;
2. Публика од 200 граѓани што ја следеле театарската претстава
3. Обучени 10 жени претставници од локалната заедница и здруженијата на граѓани за препознавање и воведување на мерки за намалување на последиците од влијанијата на климатските промени; Едуцирани/зајакната сообраќајна култура кај 40 средношколци; 100 граѓани опфатени во испитувањето на јавното мислење; изработени 4 вида печатени летоци со едукативна содржина за однесувањето во сообраќајот и неговото влијание врз климата;
4. 120 гледачи на театарската претстава и слушатели на предавањето на психијатарот д-р Дарко Иванов
5. Финансиски поддржани 10 жени во социјален ризик
6. Педесетина ученици од основните и од средните училишта и уште педесетина граѓани ги примиле пораките за надминување на родовите стереотипи и родовите јазови (нема женски и машки професии/активности)
7. Стотина граѓани вклучени во активност за јакнење на свеста за уривање на родовите бариери
8. Дваесет жени економски обучени за претприемништво, со зајакнати вештини за вработување и за поефикасен пласман на земјоделски производи
9. 50-ина жени информирани за проектот Национална платформа за женско претприемништво; една претпремачка истакната како успешна и наградена во својот бизнис.

**г) колку средства се одвоени од буџетот на општината а колку од донации?**

* За реализација на овие активности од Буџетот на Општина Кочани се издвоени 146.187 денари. Поддршката и соработката во активностите во кои се вклучени други социјални партнери на Општина Кочани не ѝ е позната.

| **2.14. Дали надлежностите и задачите на координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во ЕЛС?** |
| --- |
| Како посебно работно место нема систематизаирано, но како работни задачи, согласно утврдените надлежности, Општина Кочани ги има предвидено во работно место. |

| **2.15.Кои обуки во текот на извештајниот период координаторот/координаторката ги има реализирано?**<br>**Дали тој во обуките се јавил/а како:**<br>**А) слушател/слушателка** |
| --- |
| „Превенција и заштита на жртвите на родово-базирано и семејно насилство на локално ниво“ 15.11. 2022 г., ЗЕЛС, Скопје;<br>„Родово разделени податоци и користење на статистичките податоци од Државниот завод за статистика“, 26.6.2022 г., ЗЕЛС, Скопје;<br>„Род и климатски промени“ во организација на Центарот за истражување и креирање политики Консалтинг, со поддршка од Министерството за труд и социјална политика и на UNDP, 7.6.2022 г. (онлајн)<br>„Вклучување на родова перспектива во дизајнирање и следење на јавните локални политики за заштита на потрошувачи и одржлива потрошувачка“, Женска граѓанска организација „Антико“, Кочани, 19 и 20.4.2022 г.<br><br>Координаторката за еднакви можности е член на Референтната група за евалуација на проектот „Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и одговорно владеење во Република Северна Македонија“<br><br>**Б) обучувач/обучувачка**<br><br>Обука во рамките на Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите на тема: Воведување на родовата перспектива во програмирањето и буџетирањето на локално ниво, Кочани, 6.10.2022 г. |

| |
|---|
| 2.16 **Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и недискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). Координаторот за еднакви можности има посетено:** <br><br> Работилница (зум-настан) организирана од UN Women на темата: **Презентација на наоди од проценка на влијанието на пандемијата од ковид-19 врз РОБ во општините**, 28 мај 2021 г. <br><br> Регионален онлајн настан: „Тркалезна маса на високо ниво: Буџетски извори во време на пандемија: Унапредување на родовата еднаквост или нејзино одржување?, 11 мај 2021 г. |
| Обука на темата **Локализација на НАП за имплементација на Резолуција на Совет на безбедност на ОН 1325: Жени, мир и безбедност, за претставници од општините,** во рамките на проектот „Кон родово одговорни општини: зајакнување на општинските капацитети за политики за родова еднаквост и родово одговорно буџетирање“ (2019 – 2021), проект на ЗЕЛС со поддршка на UN Women, 7 јуни 2021 г. |
| Обука на темата **Родово разделени податоци, нивната важност и внесување на податоците во е-платформата**, во рамките на проектот „Кон родово одговорни општини: зајакнување на општинските капацитети за политики за родова еднаквост и родово одговорно буџетирање“ (2019 – 2021), проект на ЗЕЛС со поддршка на UN Women, 30 септември 2021 г. <br><br> Форум на општински пракси: Кон родово одговорни општини. Презентација на темата: Комуникациски протоколи на координаторите/ките за родова еднаквост во општините, ЗЕЛС, 25 јуни 2021 г. |
| **2.17. . Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашата институција, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)** |
| **Ве молиме опишете:** Тие се пренесуваат преку внатрешни состаноци во рамките на единицата на локалната самоуправа, со писмени апстракти и извештаи и споделување материјали. |
| **2.18. Колку и кои иницијативи (проекти, програми и активности на ЕЛС, предлог стратегии) координаторот/координаторката за еднаквите можности на жените и мажите има доставено до ЕЛС?** <br> * Измена на Правилникот за доделување на стипендија на спортист – спортска надеж на општина Кочани |
| 2.19.**Колку од тие иницијативи биле усвоени и реализирани во ЕЛС?** |
| Усвоена измената на Правилникот од Советот на Општина Кочани, со што доделувањето на стипендијата за млади надежни спортисти е проширено и со женска категорија. <br><br> (Во прилог: Дневен ред од седницата на Советот на Општина Кочани и изменетиот акт) |

## 3. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

**3.1. Наведете предизвици со кои што сте се соочиле во ЕЛС текот на извештајната година и како сте ги надминале?**

Предизвиците со кои се соочуваме, а се појавуваат со тековното работење на планот на еднаквите можности, ги надминуваме со менторската поддршка од UN Women и Министерството за труд и социјална политика, преку Секторот за еднакви можности.

**3.2. Споделете пример за добра или лоша пракса**

**3.3. Наведете примери за научени лекции**

Комуникацијата со граѓаните е извор на идеи за надминување на нееднаквата дистрибуција на општествените добра и ресурси кај мажите и жените.

## 4. СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

**4.1. Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегијата за родова еднаквост, стратешки документи на ЕЛС итн.)**

Поголема интеграција на родовата перспектива во локалните политики и буџети;
Зголемување на опфатот на социјалните партнери во реализацијата на Локалниот акциски план за еднакви можности на жените и мажите за 2023 година

## 5. КОМИСИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

**5.1. Кога е формирана комисијата за еднакви можности на жените и мажите**

Првапат Комисијата за еднакви можности на жените и мажите е формирана во 2006 година.

**5.1.1. Ве молиме наведете ја структура на комисија по:**

**а) Пол :** 3 жени, 2 мажи
**б) Образование:** 5 со високо образование
**в) Етничка припадност:** 5 Македонци
**г) Припадност на политичка партија:** 3 – ВМРО; 2 – СДСМ

**5.2. Наведете дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите активно учествуваше:**

**а) во креирање и донесување на развојна програма на ЕЛС** Да
**б) во донесување на буџет на ЕЛС** Да
**в) во давање предлози за инкорпорирање на принцип на еднакви можности во работата на органите на ЕЛС** Да

**5.2. Кои мерки и активности во насока на унапредување на еднакви можности КЕМ ги има доставено до советот на ЕЛС?**

* Иницијатива за подготовка на театарска претстава што ќе ја прикаже современата релација „Тој – Таа", реализација со локални уметници/учесници. (На седница на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите одржана на 2.3.2022 година)
* Вклучување на родово енергетски мерки во општинските програми (На седница на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на 19.10.2022 година)

**5.4. Дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите има годишна програма за работа?** Не.

**5.5. Наведете колку состаноци има одржано Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, на кои теми и доколку сакате одредени добри пракси од тие состаноци да се наведат во годишниот извештај, Ве молиме наведете накратко тука и приложете записници.**

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Кочани има одржано две седници.
На седницата одржана на 2.3.2022 година Комисијата ја разгледа и ја прифати предлог-листата за поддршка на жени во социјален ризик/со тешки болести од ЈМУ Центар за социјални работи – Кочани (03-188/2 од 23.02.2022 г.), добиена по барање на Општина Кочани (08-502/1 од 16.02.2022 г.), со забелешка да се изврши корекција на листата од Центарот за социјални работи и да се внесе жена од ромска националност. Препораката е прифатена и корекцијата на листата е извршена.

На седницата одржана на 19.10.2022 година, Комисијата ги прифати предлозите за вклучување родово сензитивни алатки при доделувањето субвенции за велосипеди; предложи зголемување на локациите во општината за паркинзи за велосипеди и тротинети; предложи општинската администрација да ја разгледа можноста за воведување субвенции за пелети, како и вклучување на родово енергетски мерки во другите општински програми. На истата седница Комисијата препорача да се одбележи Месецот на машкото здравје во соработка со Ротари клубот Кочани-Виница, со што ќе се стави акцент на едукацијата и превентивата за рано откривање на најчестите тешки болести кај мажи.

## 6. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО СЕМ-МТСП

**6.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост помеѓу централно и локално ниво или помеѓу ЕЛС**

Редовни тематски средби/настани на претставниците од МТСП – Сектор за родова еднаквост и единиците на локалната самоуправа – координаторите за еднакви можности, по можност и претседателите на Комисии за еднакви можности на жените и мажите. Средбите може да се одржат и онлајн.

**б) Имплементација на Стратегијата за родова еднаквост во секторските политики/програми**

Унапредување на знаењата на раководните општински структури (по сектори и одделенија) со родовата проблематика и воспоставување систем на следење на буџетските алокации за родово одговорно буџетирање.